Стрип 1 – Јануари – Управување со отпад

# ТЕРА
## и борците за промени

SALAR International
A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions




ШТО Е ТОА?
ТОА СЕ ОТПАДОЦИ ОД НОВА ГОДИНА
ШТО СЕ ТОА ОТПА-ДОЦИ?
ОТПАДОЦИ СЕ РАБОТИ И МАТЕРИЈАЛИ ШТО ГИ ФРЛАМЕ
COKE
ЛИМЕНКИ
ХАРТИЈА
ПЛАС
Е ПА ТОГАШ, АЈДЕ ДА ИСЧИСТИ-МЕ И ДА ФРЛИМЕ СÈ ВО КОНТЕЈ-НЕР
ЧЕКААААЈ!
COKE
АКО НЕ ГО СЕЛЕКТИРАШ ОТПАДОТ, СÈ ЌЕ ЗАВРШИ НА ДЕПОНИЈА
МНОГУ МАТЕРИЈАЛИ МОЖЕ ДА СЕ РЕЦИКЛИРААТ
COKE
СТАКЛО, ПЛАСТИКА, КАРТОН, ЛИМЕНКИ


ОВАА ПЛАСТИЧНА КУТИЈА МОЖЕ ДА СЕ РЕЦИКЛИРА.
ГЛЕДАЈ, НА НЕА ГО ИМА СИМБОЛОТ ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ.
ПЛАСТИКАТА СЕ НОСИ ВО ФАБРИКА ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ
И СЕ КОРИСТИ ЗА ОД НЕА ДА СЕ НАПРАВИ НЕШТО НОВО
ДАЛИ ОВАА ЛУШПА ОД ЈАЈЦЕ МОЖЕ ДА СЕ РЕЦИКЛИРА?
НЕ, ОСТАТОЦИТЕ ОД ХРАНА МОРА ДА СЕ ФРЛААТ ВО ПОСЕБНА КАНТА ИЛИ ПАК ДА СЕ КОРИСТАТ ЗА КОМПОСТИРАЊЕ
ЗНАЧИ ОВАА КАРТОНСКА КУТИЈА ТРЕБА ДА СЕ СТАВИ КАЈ ОТПАДОТ ОД ХАРТИЈА ЗА ДА СЕ РЕЦИКЛИРА?
БАШ ТАКА!
СУПЕР, СЕГА ЌЕ ВИДАМ ШТО ДРУГО МОЖЕ ДА РЕЦИКЛИРАМ
МАЛИТЕ ПРОМЕНИ МОЖЕ ДА НАПРАВАТ ГОЛЕМИ РАЗЛИКИ
ПЛАСТИКА
ХАРТИЈА
ЛИМЕНКИ

# Совети за родителите

Вклучете го целото семејство во процесот на рециклирање преку неколку едноставни чекори:

- **Бидете пример:** Покажете им ја на децата вашата секојдневна пракса за селектирање отпад.
- **Создадете услови:** Поставете корпи за селектирање отпад на места кои ќе им бидат достапни на децата.
- **Креирајте свесност:** Поттикнете ги децата да ги разликуваат материјалите што секојдневно ги користат, купуваат и фрлаат.
- **Дискутирајте:** Раскажете им на децата како се рециклираат различните материјали и кои се придобивките од тоа.

Супер би било ако целото семејство се вклучи во процесот на рециклирање и на тој начин ѝ помогнете на заедницата. Организирајте потрага по материјали за рециклирање заедно со вашите деца. Дали има отпадоци што може да се соберат и однесат на место каде понатаму ќе се рециклираат?

# Забавни активности за најмладите рециклирачи

## ДАЛИ ЗНАЕШ КАКО ДА РЕЦИКЛИРАШ?

Дознај ги боите на корпите за селекција на отпад во твојот град и обој ги на цртежот долу.




Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

The European Commission support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents which reflect only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.